Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД
СУ-07.бр.48/23
28.12.2023 год.
ШТИП

Судскиот администратор на Основен суд Штип, Лепа Донева, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14) по спроведената постапка по Интерен оглас бр.1/23, за унапредување на судски службеник, за работно место - Самостоен судски референт – водител на уписник, 4 (четири ) извршители, по доставениот Предлог за избор на кандидати за унапредување Су.бр.41/23 од 27.12.2023 година, на ден 28.12.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

За работно место Самостоен судски референт – водител на уписник, категорија Г, ниво Г1, 4 (четири) извршители, шифра СУД0101Г01001 се избираат кандидатите:

1. Бранкица Делиовска со освоени 26,35 бода.
2. Билјана Јовева со освоени 26,35 бода
3. Наташа Џорлева со освоени 24,35 бода
4. Билјана Костадинова со освоени 24,35 бода

За избраните кандидати по конечноста на одлуката ќе се донесе решение за унапредување.

## Образложение

Од страна на Основниот суд во Штип на веб страната на судот на ден 18.12.2023 год. објавен е Интерен оглас бр.1/23, за унапредување на судски службеник, за работно место Самостоен судски референт – водител на уписник, категорија Г, ниво Г1, 4 (четири) извршители.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас доставен е Предлог за избор на кандидати за унапредување Су-07 бр.41/23 од 27.12.2023 год.

Со Предлогот за избор на кандидати за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување ги предложи кандидатите: Бранкица Делиовска со освоени 26,35 бода, Билјана Јовева со освоени 26,35 бода, Наташа Џорлева со освоени 24,35 бода и Билјана Костадинова со освоени 24,35 бода, како најдобро рангирани кандидати на ранг листата во сите фази на селекција за унапредување за работното место Самостоен судски референт – водител на уписник категорија Г, ниво Г1.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување Су.бр.41/23 од 27.12.2023 год год. за работното место Самостоен судски референт - водител на уписник, категорија Г, ниво Г1 ги избра предложените кандидати.

Имајќи ги предвид горенаведените причини, согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба, се одлучи како во изреката на одлуката.

Судски администратор на ОС Штип,
Лепа Донева

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена до Советот на судска служба.